# Неколку мисли за (македонската) музичка критика

**Михаило Трандафиловски**

Додека ми се свежи впечатоците од годинешните Денови на македонска музика, би споделил неколку мисли за еден аспект, врзан со овој фестивал, кој повеќе години ми остава слично, прилично негативно чувство. Во принцип, немам обичај да навлегувам во полемика со музичките критичари (ни во Македонија, ни во странство), од повеќе причини. Но, од друга страна, по баражот на професионални музички критики за ДММ, а можеби токму поради тоа што често истите се презентирани со тон на апсолутен авторитет, мислам дека не би било лошо да се слушне и како тие рецензии изгледаат од агол на композитор/изведувач/слушател.
За да не бидам погрешно сфатен уште во почетокот, би спомнал дека овие мисли не се однесуваат на тоа како моите композиции се примени во Македонија; ниту пак осеќам потреба да бранам одредени композитори и музички струи, или да иницирам дебата. Но, можеби бидејќи живеам во странство, и не штитам институционална позиција или кариера во Македонија, овие редови би понудиле нешто релевантно за заинтересираниот читател.
Би додал уште нешто: повеќето од поентите кои следат би можел да ги поткрепам со примери од разни извори (на пр. студии од областа на психологијата на музиката), но за тоа во овој случај нема потреба – ова не е научен труд, туку збирка на мои лични впечатоци и идеи.

Зошто се пишуваат музички рецензии? Имам пријатели/колеги, некои од нив со меѓународно реноме како композитори или изведувачи, кои би рекле дека институцијата музички критичар е излишна. Други ја сметаат за нужно зло, и по потреба прават селекција на цитати од рецензии кои би помогнале во градењето на нивните кариери. Трети, сакајќи да потенцираат, понекогаш, апсурдни искуства, а и да дадат покомплетна слика за нивното творештво, цитираат истовремено и многу позитивни, и крајно негативни оценки, за истите дела и изведби.

Искрено, јас би рекол дека и покрај сите негативни елементи (кои лесно може да се илустрираат со примери од историјата, или анегдоти од сегашоста), музичките рецензии може да имаат корисна улога. Од повеќе причини: на пример, за мене лично е, во одредени моменти, интересно да прочитам како човек чие мислење го почитувам ја доживеал изведбата на некое ново, или старо дело; или пак, надвор од сферата на музиката, кога одлучувам кој филм да го гледам во кино, рецензии за филмовите често ме упатуваат, бидејќи немам време детално да истражувам сѐ што е на понуда.

Да се навратам на прашањето погоре, но зумирано, во однос на ДММ – зошто музичката рецензија?

Неколку можни, спонтани одговори:

1. За да се информира пошироката, а и потесната, специјализирана музичка публика за овие настани, во поглед на презентираните композиции и изведби.

2. Подлабоко, за да се долови слика за тоа каде овие композиции се наоѓаат во однос на текот на класичните музички струи во македонската (кратка) историја, а и во однос на денешните текови на европската/светската сцена.
3. Можеби, за да се укаже на некои вредности кои би го збогатиле креативниот израз кај македонските композитори во иднина – особено кај помладата генерација.

Се разбира, има многу други причини, но овие мене во моментов ми изгледаат релевантни.

Мојот општ впечаток (и тука, секако, генерализирам) е дека за македонските критичари некои од овие аспекти не се толку битни. Многу побитно е да ги презентираат своите убедувања со бескомпромисен, авторитативен стил. И при тоа, се добива чувство дека некои од нив со штит, меч и апсолутна убеденост се во поход против одредени музички движења, како на пример „нетоналните/нетрадиционални“ струи, и македонски, и светски. Во реалноста на современиот богат, разновиден и фасцинантен музички израз, каде едноставно не постои стил или насока која преовладува, спротивниот приод би можел да се квалификува како исто толку нерелевантен, иако во Македонија ретко го имам сретнато – односот, на пример, на „модернистите“, кон, како пример, дијатонски музички материјал.

Моето лично искуство како слушател на концертите на ДММ кои ги посетив годинава беше, често, дијаметрално спротивно на она на критичарите. Во некои случаи, ова можеби се должи на личен вкус – но, понекогаш, во прашање се факти: на пример, во некои од објавените текстови се споредуваше музичкиот јазик употребен во различни композиции, и при тоа фундаментални разлики не беа перцепирани; или пак, во ситуација кога некои од делата не доживееа адекватна изведба – за ова зборувам бидејќи ги имав видено партитурите – музиката беше остро критикувана, „отпишана“, со сигурност која тешко можам да ја сфатам, бидејќи не верувам дека беше основана на детален преглед на истите партитури ...

Тука би понудил еден свој поглед:

Сите ние – и критичари, и изведувачи, и композитори, па и пошироката („немузичка“) публика – слушаме со свој ментален склоп, односно со условени рефлекси, кои се неопходно релативни/ограничени. Образован музичар од Македонија поинаку ги процесира аудитивните информации во споредба со колега од Америка; публиката која присуствува на концерти на ДММ не е иста со онаа на фестивалот во Хадерсфилд; музичарите во Македонија се сосема природно поинаку наклонети кон современите музички текови од оние во Париз, итн. Со други зборови, бојата на стаклата на очилата преку кои секој од нас ги „гледа“ (прима/обработува) музичките информации зависи од многу елементи – некои вкоренети со музичкото образование, некои во голема зависност од квалитетот на изведбата, некои поврзани со карактерот/интересите на самите слушатели, или нивното расположение/наклонетост во одреден момент ... Прашањето кое спонтано се наметнува, е дали воопшто постои нешто универзално во музичката комуникација – односно постојат ли елементи во современата музика кои би ја направиле релевантна, имагинативна, креативна за публиката од разни земји, па и за публиката во иднина?

Ова е комплексно прашање – но фундаментално, и за нас кои твориме во сферата на современата класична музика, а и за оние кои со „експертски“ уши истата ја вреднуваат. Не би можел, во оваа прилика, на кратко (т.е. површно) да навлегувам во тоа кои се тие универзални

музички елементи на комуникација. Но, со сигурност би го рекол следното: непостоењето на свест за релативноста на човековатата перцепција (и во музиката, и пошироко) неопходно ги лимитира можностите на истата. И обратно – во моментот кога стануваме свесни за таа релативност, ушите/мозокот/нервните патеки се менуваат и отвораат.  Ова автоматски резултира со помалку негативен/критички став – потребата за екстремна, навредувачка критика се намалува кога погледот е помалку релативен, а повеќе универзален – со други зборови, кога осознавањето на сржта на едно музичко/уметничко дело е поотворено и пореално.

Повторно би се навратил на погоре претпоставените цели/задачи на музичките критичари: убеден сум дека постоењето на ваквата свест/отвореност би било од огромна помош во понудата на релевантни, информирани, и перцептивни рецензии. Ваквите текстови би имале, во идеален случај, цел да навлезат во природата на презентираниот материјал, и би ја третирале музиката, и од минатото, и од сегашноста, како жива, возбудлива материја. Истовремено, со ова би се лимитирале времето и просторот потрошени на докажување дека некој музички камп е во право, на сметка на другите, а и, верувам, авторитативниот/апсолутистички тон кој во моментов, се чини, преовладува, би омекнал. И, што е најважно, верувам дека ова би можело да придонесе кон оживување и обогатување на креативниот дух кај помладите генерации – и изведувачите, и композиторите – кои кон нови творечки пространства би требало да гледаат со возбуда, наместо со страв.

Во меѓувреме, мислам дека нема потреба да се дебатира следното: со секое ново музичко дело, авторот, го сакал тоа или не, кажува многу за неговиот/нејзиниот приод, творечкиот процес, креативната имагинација и хоризонти – и сето ова е изложено на судот на публиката, вклучувајќи ги критичарите. Но, и позицијата на рецензентите не е толку различна: нивните текстови може да не информираат за квалитетот на делата и изведувачите, но исто така, често не информираат и за самите критичари – нивното знаење, перцептивна моќ и релевантност.